UDK 37

ISSN 2545 – 4439
ISSN 1857 - 923X

# INTERNATIONAL JOURNAL

Institute of Knowledge Management

# KNOWLEDGE

Scientific Papers

Vol. 55.6

SOCIAL SCIENCES

KIJ Vol. 55 No. 6 pp. 1007 - 1234 Skopje, 2022

KNOWLEDGE

# INTERNATIONAL JOURNAL

# SCIENTIFIC PAPERS
# VOL. 55.6

*December, 2022*

**INSTITUTE OF KNOWLEDGE MANAGEMENT**
**SKOPJE**

# KNOWLEDGE

## International Journal Scientific Papers Vol. 55.6

**ADVISORY BOARD**

Vlado Kambovski PhD, Robert Dimitrovski PhD, Siniša Zarić PhD, Maria Kavdanska PhD, Mirjana Borota – Popovska PhD, Veselin Videv PhD, Ivo Zupanovic, PhD, Savo Ashtalkoski PhD, Zivota Radosavljević PhD, Laste Spasovski PhD, Mersad Mujevic PhD, Milka Zdravkovska PhD, Drago Cvijanovic PhD, Predrag Trajković PhD, Lazar Stosic PhD, Krasimira Staneva PhD, Nebojsha Pavlović PhD, Daniela Todorova PhD, Baki Koleci PhD, Lisen Bashkurti PhD, Zoran Srzentić PhD, Itska Derijan PhD, Sinisa Opic PhD, Marija Kostic PhD

**Print:** GRAFOPROM – Bitola

**Editor:** IKM – Skopje

**Editor in chief**
Robert Dimitrovski, PhD

**KNOWLEDGE - International Journal Scientific Papers Vol. 55.6**

**ISSN 1857-923X (for e-version)**
**ISSN 2545 – 4439 (for printed version)**

## INTERNATIONAL EDITORIAL BOARD

**President:** Academic Prof. Vlado Kambovski PhD, Skopje (N. Macedonia)

**Vice presidents:**
Prof. Robert Dimitrovski PhD, Institute of Knowledge Management, Skopje (N. Macedonia)
Prof. Sinisa Zaric, PhD, Faculty of Economics, University of Belgrade, Belgrade (Serbia)
Prof. Mersad Mujevic PhD, Public Procurement Administration of Montenegro (Montenegro)
Prof. Tihomir Domazet PhD, President of the Croatian Institute for Finance and Accounting, Zagreb (Croatia)

**Members:**
- Prof. Azra Adjajlic – Dedovic PhD, Faculty of criminology and security, Sarajevo (Bosnia & Herzegovina)
- Prof. Aleksandar Korablev PhD, Faculty of economy and management, Saint Petrsburg State Forest Technical University, Saint Petrsburg (Russian Federation)
- Prof. Anita Trajkovska PhD, Rochester University (USA)
- Prof. Aziz Pollozhani PhD, Rector, University Mother Teresa, Skopje (N.Macedonia)
- Prof. Anka Trajkovska-Petkoska PhD, UKLO, Faculty of technology and technical sciences, Bitola (N. Macedonia)
- Prof. Aneta Mijoska PhD, Faculty of Dentistry, University “St. Cyril and Methodius”, Skopje (N. Macedonia)
- Prof. Alisabri Sabani PhD, Faculty of criminology and security, Sarajevo (Bosnia & Herzegovina)
- Prof. Artan Nimani PhD, Rector, University of Gjakova “Fehmi Agani” (Kosovo)
- Prof. Ahmad Zakeri PhD, University of Wolverhampton, (United Kingdom)
- Prof. Ana Dzumalieva PhD, South-West University “Neofit Rilski”, Blagoevgrad (Bulgaria)
- Prof. Ali Hajro, PhD, Military Academy “Mihailo Apostolski”, Skopje (N. Macedonia)
- Prof. Branko Sotirov PhD, University of Rousse, Rousse (Bulgaria)
- Prof. Branko Boshkovic, PhD, College of Sports and Health, Belgrade (Serbia)
- Prof. Branimir Kampl PhD, Institute SANO, Zagreb (Croatia)
- Prof. Baki Koleci PhD, University Hadzi Zeka, Peya (Kosovo)
- Prof. Branislav Simonovic PhD, Faculty of Law, Kragujevac (Serbia)
  Prof. Bistra Angelovska, Faculty of Medicine, University “Goce Delcev”, Shtip (N.Macedonia)
- Prof. Cezar Birzea, PhD, National School for Political and Administrative Studies, Bucharest (Romania)
- Prof. Cvetko Andreevski, Faculty of Tourism, UKLO, Bitola (N.Macedonia)
- Prof. Drago Cvijanovic, PhD, Faculty of Hotel Management and Tourism, University of Kragujevac, Vrnjacka Banja (Serbia)
- Prof. Dusan Ristic, PhD Emeritus, College of professional studies in Management and Business Communication, Novi Sad (Serbia)
- Prof. Darijo Jerkovic PhD, Faculty of Business Economy, University “Vitez”, (Bosnia & Herzegovina)
- Prof. Daniela Todorova PhD, “Todor Kableshkov” University of Transport, Sofia (Bulgaria)
- Prof. Dragan Kokovic PhD, University of Novi Sad, Novi Sad (Serbia)
- Prof. Dragan Marinkovic PhD, High health – sanitary school for professional studies, Belgrade (Serbia)
- Prof. Itska Mihaylova Derijan PhD, University Neofit Rilski, Faculty of pedagogy, Blagoevgrad (Bulgaria)

- Prof. Dzulijana Tomovska, PhD, Faculty of Biotechnical sciences, Bitola (N.Macedonia)
- Prof. Evgenia Penkova-Pantaleeva PhD, UNWE -Sofia (Bulgaria)
- Prof. Fadil Millaku, PhD, University “Hadzi Zeka”, Peja (Kosovo)
- Prof. Fatos Ukaj, University “Hasan Prishtina”, Prishtina (Kosovo)
- Prof. Georgi Georgiev PhD, National Military University “Vasil Levski”, Veliko Trnovo (Bulgaria)
- Prof. Halit Shabani, PhD, University “Hadzi Zeka”, Peja (Kosovo)
- Prof. Halima Sofradzija, PhD, University of Sarajevo, Saraevo (Bosnia and Herzegovina)
- Prof. Haris Halilovic, Faculty of criminology and security, University of Sarajevo, Saraevo (Bosnia and Herzegovina)
- Prof. Helmut Shramke PhD, former Head of the University of Vienna Reform Group (Austria)
- Prof. Hristina Georgieva Yancheva, PhD, Agricultural University, Plovdiv (Bulgaria)
- Prof. Hristo Beloev PhD, Bulgarian Academy of Science, Rector of the University of Rousse (Bulgaria)
- Prof. Hristina Milcheva, Medical college, Trakia University, Stara Zagora (Bulgaria)
- Prof. Izet Zeqiri, PhD, Academic, SEEU, Tetovo (N.Macedonia)
- Prof. Ivan Marchevski, PhD, D.A. Tsenov Academy of Economics, Svishtov (Bulgaria)
- Prof. Ibrahim Obhodjas PhD, Faculty of Business Economy, University “Vitez”, (Bosnia & Herzegovina)
- Doc. Igor Stubelj, PhD, PhD, Faculty of Management, Primorska University, Koper (Slovenia)
- Prof. Ivo Zupanovic, PhD, Faculty of Business and Tourism, Budva (Montenegro)
- Prof. Ivan Blazhevski, PhD, Institute for Sociological, Political and Juridical Research, Skopje (N.Macedonia)
- Prof. Isa Spahiu PhD, AAB University, Prishtina (Kosovo)
- Prof. Ivana Jelik PhD, University of Podgorica, Faculty of Law, Podgorica (Montenegro)
- Prof. Islam Hasani PhD, Kingston University (Bahrein)
- Prof. Jamila Jaganjac PhD, Faculty of Business Economy, University “Vitez”, (Bosnia & Herzegovina)
- Prof. Jova Ateljevic PhD, Faculty of Economy, University of Banja Luka, (Bosnia & Herzegovina)
- Prof. Jonko Kunchev PhD, University „Cernorizec Hrabar“ - Varna (Bulgaria)
- Prof Karl Schopf, PhD, Akademie fur wissenschaftliche forchung und studium, Wien (Austria)
- Prof. Katerina Belichovska, PhD, Faculty of Agricultural Sciences, UKIM, Skopje (N. Macedonia)
- Prof. Krasimir Petkov, PhD, National Sports Academy “Vassil Levski”, Sofia (Bulgaria)
- Prof. Kamal Al-Nakib PhD, College of Business Administration Department, Kingdom University (Bahrain)
- Prof. Kiril Lisichkov, Faculty of Technology and Metallurgy, UKIM, Skopje (N.Macedonia)
- Prof. Krasimira Staneva PhD, University of Forestry, Sofia (Bulgaria)
- Prof. Lidija Tozi PhD, Faculty of Pharmacy, Ss. Cyril and Methodius University, Skopje (N.Macedonia)
- Prof. Laste Spasovski PhD, Vocational and educational centre, Skopje (N.Macedonia)
- Prof. Larisa Velic, PhD, Faculty of Law, University of Zenica, Zenica ( Bosnia and Herzegovina)
- Prof. Łukasz Tomczyk PhD, Pedagogical University of Cracow (Poland)
- Prof. Lujza Grueva, PhD, Faculty of Medical Sciences, UKIM, Skopje (N.Macedonia)

- Prof. Lazar Stosic, PhD, Association for development of science, engineering and education, Vranje (Serbia)
- Prof. Lulzim Zeneli PhD, University of Gjakova “Fehmi Agani” (Kosovo)
- Prof. Lisen Bashkurti PhD, Global Vice President of Sun Moon University (Albania)
- Prof. Lence Mircevska PhD, High Medicine School, Bitola, (N.Macedonia)
- Prof. Ljupce Kocovski PhD, Faculty of Biotechnical sciences, Bitola (N.Macedonia)
- Prof. Marusya Lyubcheva PhD, University “Prof. Asen Zlatarov”, Member of the European Parliament, Burgas (Bulgaria)
- Prof. Marija Magdinceva – Shopova PhD, Faculty of tourism and business logistics, University “Goce Delchev”, Shtip (N. Macedonia)
- Prof. Maria Kavdanska PhD, Faculty of Pedagogy, South-West University Neofit Rilski, Blagoevgrad (Bulgaria)
- Prof. Vaska Stancheva-Popkostadinova, PhD, Faculty of Public Health and Sport, SWU Neofit Rilski, Blagoevgrad (Bulgaria)
- Prof. Mirjana Borota-Popovska, PhD, Centre for Management and Human Resource Development, Institute for Sociological, Political and Juridical Research, Skopje (N.Macedonia)
- Prof. Mihail Garevski, PhD, Institute of Earthquake Engineering and Engineering Seismology, Skopje (N.Macedonia)
- Prof. Misho Hristovski PhD, Faculty of Veterinary Medicine, Ss. Cyril and Methodius University, Skopje (N.Macedonia)
- Prof. Mitko Kotovchevski, PhD, Faculty of Philosophy, UKIM, Skopje (N.Macedonia)
- Prof. Milan Radosavljevic PhD, Dean, Faculty of strategic and operational management, Union University, Belgrade (Serbia)
- Prof. Marija Topuzovska-Latkovikj, PhD, Centre for Management and Human Resource Development, Institute for Sociological, Political and Juridical Research, Skopje (N.Macedonia)
- Prof. Marija Knezevic PhD, Academic, Banja Luka, (Bosnia and Herzegovina)
- Prof. Margarita Bogdanova PhD, D.A.Tsenov Academy of Economics, Svishtov (Bulgaria)
- Prof. Mahmut Chelik PhD, Faculty of Philology, University “Goce Delchev”, Shtip (N.Macedonia)
- Prof. Mihajlo Petrovski, PhD, Faculty of Medical Sciences, University “Goce Delchev”, Shtip (N.Macedonia)
- Prof. Marija Mandaric PhD, Faculty of Hotel Management and Tourism, University of Kragujevac, Vrnjacka Banja (Serbia)
- Prof. Marina Simin PhD, College of professional studies in Management and Business Communication, Sremski Karlovci (Serbia)
- Prof. Miladin Kalinic, College of professional studies in Management and Business Communication, Sremski Karlovci (Serbia)
  Prof. Marijan Tanushevski PhD, Macedonian Scientific Society, Bitola (N. Macedonia)
- Prof. Mitre Stojanovski PhD, Faculty of Biotechnical sciences, Bitola (N.Macedonia)
- Prof. Miodrag Smelcerovic PhD, High Technological and Artistic Vocational School, Leskovac (Serbia)
- Prof. Nadka Kostadinova, Faculty of Economics, Trakia University, Stara Zagora (Bulgaria)
- Prof. Natalija Kirejenko PhD, Faculty For economic and Business, Institute of Entrepreneurial Activity, Minsk (Belarus)
- Prof. Nenad Taneski PhD, Military Academy “Mihailo Apostolski”, Skopje (N.Macedonia)
- Prof. Nevenka Tatkovic PhD, Juraj Dobrila University of Pula, Pula (Croatia)
- Prof. Nedzad Korajlic PhD, Faculty of criminal justice and security, University of Sarajevo (Bosnia and Herzegovina)
- Prof. Nikola Sabev, PhD, Angel Kanchev University of Ruse, Ruse (Bulgaria)

- Prof. Nonka Mateva PhD, Medical University, Plovdiv (Bulgaria)
- Prof. Nikolay Georgiev PhD, "Todor Kableshkov" University of Transport, Sofia (Bulgaria)
- Prof. Nishad M. Navaz PhD, Kingdom University (India)
- Prof. Nano Ruzhin PhD , Faculty of Law, AUE-FON University, Skopje (N.Macedonia)
- Prof. Oliver Dimitrijevic PhD, High medicine school for professional studies "Hipokrat", Bujanovac (Serbia)
- Prof. Paul Sergius Koku, PhD, Florida State University, Florida (USA)
- Prof. Primoz Dolenc, PhD, Faculty of Management, Primorska University, Koper (Slovenia)
- Prof. Petar Kolev PhD, "Todor Kableshkov" University of Transport, Sofia (Bulgaria)
- Prof. Pere Tumbas PhD, Faculty of Economics, University of Novi Sad, Subotica (Serbia)
- Prof. Rade Ratkovic PhD, Faculty of Business and Tourism, Budva (Montenegro)
- Prof. Rositsa Chobanova PhD, University of Telecommunications and Posts, Sofia (Bulgaria)
- Prof. Rossana Piccolo PhD, Università degli studi della Campania - Luigi Vanvitelli (Italy)
- Prof. Rumen Valcovski PhD, Imunolab Sofia (Bulgaria)
- Prof. Rumen Stefanov PhD, Faculty of public health, Medical University of Plovdiv (Bulgaria)
  Prof. Rumen Tomov PhD, University of Forestry, Sofia (Bulgaria)
- Prof. Sasho Korunoski PhD, UKLO, Bitola (N.Macedonia)
- Prof. Snezhana Lazarevic, PhD, College of Sports and Health, Belgrade (Serbia)
- Prof. Vasil Markov PhD, Faculty of Arts, SWU Neofit Rilski, Blagoevgrad (Bulgaria)
- Prof. Stojna Ristevska PhD, High Medicine School, Bitola, (N. Macedonia)
- Prof. Suzana Pavlovic PhD, High health – sanitary school for professional studies, Belgrade (Serbia)
- Prof. Sandra Zivanovic, PhD, Faculty of Hotel Management and Tourism, University of Kragujevac, Vrnjacka Banja (Serbia)
- Prof. Shyqeri Kabashi, College "Biznesi", Prishtina (Kosovo)
- Prof. Temelko Risteski PhD, Faculty of Law, AUE-FON University, Skopje (N. Macedonia)
- Prof. Todor Krystevich, D.A. Tsenov Academy of Economics, Svishtov (Bulgaria)
- Prof. Todorka Atanasova, Faculty of Economics, Trakia University, Stara Zagora (Bulgaria)
- Prof. Tzako Pantaleev PhD, NBUniversity , Sofia (Bulgaria)
- Prof. Vojislav Babic PhD, Institute of Sociology, University of Belgrade (Serbia)
- Prof. Volodymyr Denysyuk, PhD, Dobrov Center for Scientific and Technologogical Potential and History studies at the National Academy of Sciences of Ukraine (Ukraine)
- Prof. Valentina Staneva PhD, "Todor Kableshkov" University of Transport, Sofia (Bulgaria)
- Prof. Venus Del Rosario PhD, Arab Open University (Philippines)
- Prof. Vjollca Dibra PhD, University of Gjakova "Fehmi Agani" (Kosovo)
- Prof. Yuri Doroshenko PhD, Dean, Faculty of Economics and Management, Belgorod (Russian Federation)
- Prof. Zlatko Pejkovski, PhD, Faculty of Agricultural Sciences, UKIM, Skopje (N.Macedonia)
- Prof. Zivota Radosavljevik PhD, Faculty FORCUP, Union University, Belgrade (Serbia)
- Prof. Zorka Jugovic PhD, High health – sanitary school for professional studies, Belgrade (Serbia)

## REVIEW PROCEDURE AND REVIEW BOARD

Each paper is reviewed by the editor and, if it is judged suitable for this publication, it is then sent to two referees for double blind peer review.

The editorial review board is consisted of 67 members, full professors in the fields 1) Natural and mathematical sciences, 2) Technical and technological sciences, 3) Medical sciences and Health, 4) Biotechnical sciences, 5) Social sciences, and 6) Humanities from all the Balkan countries and the region.

**CONTENTS**

THE ROLE OF ITIL IN APPLYING PROJECT MANAGEMENT FOR SMART CITIES SERVICE MANAGEMENT ........ 1023
Mohammad Mahoud ........ 1023
Roberto Bruni ........ 1023
Sinisa Zaric ........ 1023
Marcello Sansone ........ 1023
INSTITUTIONAL DEVELOPMENT AND ECONOMIC GROWTH OF EUROPEAN TRANSITION COUNTRIES ........ 1031
Dragan Turanjanin ........ 1031
Goran Miljković ........ 1031
Slobodan Cvetanović ........ 1031
ASSESSING THE INFLUENCE OF THE EUROPEAN STRUCTURAL AND INVESTMENT FUNDS ON ECONOMIC CONVERGENCE IN THE EUROPEAN UNION ........ 1037
Tihomir Varbanov ........ 1037
EVALUATING ALTERNATIVES FOR LONG–RANGE PLANNING UTILIZING COMBINATORY QSPM–IE IN TRADE ORGANIZATIONS ........ 1043
Elvis Elezaj ........ 1043
Bekë Kuqi ........ 1043
THE ECONOMIC COSTS OF YOUTH UNEMPLOYMENT IN NORTH MACEDONIA ........ 1049
Daniela Bojadjieva ........ 1049
Predrag Trpeski ........ 1049
Gunter Merdzan ........ 1049
SPECIFIC FEATURES OF THE ACCOUNTING OF INSURANCE (TECHNICAL) PROVISIONS OF INSURERS ........ 1057
Maia Iankova Natchkova ........ 1057
TREND OF PREMIUMS IN INSURANCE SECTOR IN KOSOVA COMPARISON WITH WESTERN BALKAN COUNTRIES ........ 1063
Sokol Berisha ........ 1063
Vlora Prenaj ........ 1063
SPECIFICITY IN APPLYING THE TAX REGULATION FOR EXPENDITURE WHICH REPRESENT HIDDEN PROFIT DISTRIBUTION ........ 1069
Valentina Staneva ........ 1069
INTEGRATION OF VALUE IN THE SYSTEM OF FINANCIAL ANALYSIS - METHODOLOGICAL ASPECTS AND APPLICATION ........ 1075
Lora Todorova ........ 1075
EMPLOYEE DEFINED INCOMES PROGRAMS AFTER LEAVING THE ENTERPRISE - METHODOLOGY OF ACCOUNTING AND ANALYSIS ........ 1083
Rositsa Ivanova ........ 1083
POLICIES FOR IMPLEMENTING ORGANIZATIONAL CULTURE IN SMALL ENTERPRISES IN THE POST-COVID PERIOD ........ 1091
Marija Magdinceva-Sopova ........ 1091
Aneta Stojanovska-Stefanova ........ 1091
MEASURING BUSINESS PERFORMANCE: A STRATEGIC MAP OF THE FUTURE ........ 1095
Momčilo Milošević ........ 1095
EMPIRICAL APPROACH OF THE EFFECTS OF CLIMATE CHANGE ON THE ECONOMY: EVIDENCE FROM WESTERN BALKANS ........ 1101
Liza Alili Sulejmani ........ 1101
Arta Thaci ........ 1101

ANALYSIS OF SUCCESS IN THE IMPLEMENTATION OF SUISTAINABLE DEVELOPMENT GOALS IN THE REPUBLIC OF SERBIA ........ 1107
Jovana Škorić ........ 1107
Mina Kovljenić ........ 1107
GREEN ECONOMY PERFORMANCE, RESULTS AND COMPARISON BETWEEN WESTERN BALKAN COUNTRIES AND CHINA ........ 1113
Margarita Matlievska ........ 1113
Elena Matlievska ........ 1113
REVIEW OF MACEDONIAN WASTE POLICIES AND LEGISLATION REGARDING THE INFORMAL WASTE PICKERS ........ 1119
Blazhe Josifovski ........ 1119
RESEARCH OF ECO-ENTREPRENEURIAL ASPECTS IN THE MANAGEMENT OF HIGH-CLASS HOTELS IN VELINGRAD ........ 1125
Iva Bichurova ........ 1125
MAJOR INCONSISTENCIES AND CONCEPTUAL DIFFERENCES BETWEEN REGULATORY FRAMEWORKS FOR SUSTAINABLE REPORTING ........ 1131
Magdalena Petrova-Kirova ........ 1131
WOMEN AS INTERNAL STAKEHOLDERS IN TOP MANAGEMENT ........ 1137
Anita Cucovič ........ 1137
Emina Seferović ........ 1137
CONTROLLING AND ECONOMIC CRISES ........ 1145
Plamen Iliev ........ 1145
CONTROLLING PERSONNEL ........ 1151
Plamen Iliev ........ 1151
LEGAL ASPECTS OF DISTANCE LEARNING IN THE CONTEXT OF THE COVID-19 PANDEMIC ........ 1157
Igor Kambovski ........ 1157
Ivica Josifovic ........ 1157
THE BALDRIGE FRAMEWORK AS A STRATEGIC INSTRUMENT IN THE CRITICAL INFRASTRUCTURE PROTECTION (IMPLEMENTATION OF BEHAVIORAL ANALYSIS) ........ 1163
Tiana Kaleeva ........ 1163
PROSPECTS FOR THE DEVELOPMENT OF ADDITIONAL PROFESSIONAL EDUCATION OF CIVIL SERVANTS IN BULGARIA ........ 1169
Kalin Boyanov ........ 1169
IMPROVING HIGHER EDUCATION QUALITY THROUGH ACCREDITATION – CURRENT SITUATION AND FUTURE PROSPECTS ........ 1175
Stela Baltova ........ 1175
Lalka Borisova ........ 1175
ENTREPRENEURIAL EDUCATION INFLUENCE ON THE DEVELOPMENT OF SELF-EFFICACY AND PERSONAL COMPETENCY ........ 1181
Zagorka Mitaseva ........ 1181
DIDACTIC MODEL FOR DEVELOPMENT CAREER’S MANAGEMENT SKILLS ........ 1187
Malinka Yordanova ........ 1187
Dimitar Iskrev ........ 1187
THE GAME - HISTORICAL ASPECTS, CHARACTERISTICS AND DEVELOPMENT IN PRE-SCHOOL AND PRIMARY SCHOOL AGE ........ 1193
Dimona Yaneva ........ 1193
OVERCOMING COMMUNICATION OBSTACLES TOWARDS CONFLICT RESOLUTION ........ 1199
Aneta Spirova ........ 1199

THE ROLE OF ETHICS IN PUBLIC SECTOR GOVERNANCE AS A WAY TO MORE EFFECTIVE GOVERNANCE ........ 1205
Daniela Yordanova ........ 1205
EMPIRICAL ANALYSIS OF THE SEXUAL ABUSE AS A PENAL ACT: EVIDENCE FROM THE REGION OF GOSTIVAR ........ 1211
Fjolla Ejupi ........ 1211
COVID-19 VACCINE HESITANCY IN INDIVIDUALISTIC AND COLLECTIVISTIC CULTURES ........ 1217
Hristina Sokolova ........ 1217
Nikola Sabev........ 1217
ORIGIN OF SOCIAL AND HEALTH POLICY ........ 1223
Darina Mineva ........ 1223
GENES AND CROWDS - THE FORECASTED ROAD TO “SELFISH SELF-DESTROY” ........ 1229
Borislav Radoslavov........ 1229

# LEGAL ASPECTS OF DISTANCE LEARNING IN THE CONTEXT OF THE COVID-19 PANDEMIC

**Igor Kambovski**
Faculty of Law, "Goce Delchev" University, Shtip, R. N. Macedonia, igor.kambovski@ugd.edu.mk
**Ivica Josifovic**
Faculty of Law, "Goce Delchev" University, Shtip, R. N. Macedonia, ivica.josifovik@ugd.edu.mk

**Abstract:** The pandemic of the COVID-19 virus and its consequences caused very serious changes in the daily behavior of people, but also in all spheres of social life and work. Uncertainty and fear of the unknown virus led to concern, forced social or personal isolation, changing living and working habits and forced adaptation of all work processes to the new conditions. Thanks to digitalization and the use of information technology in the field of education, an attempt was made to mitigate the consequences of the pandemic and social distancing and the concept of distance learning was introduced. Distance education (teaching) includes various learning systems and methods, from communication via e-mail, uploading teaching materials on learning platforms, to lectures that take place entirely on Internet platforms. Thus, the classical forms of teaching were replaced by digital platforms and applications, in all grades, from primary to higher education. Advanced technologies that were already used for educational purposes were forced into operation this time and the pandemic showed that digital teaching is not only a matter of choice, but sometimes also a matter of necessity and necessity. However, every form of education and teaching activities must be normatively regulated, both in terms of form and in terms of material and teaching content. Among other things, teaching in general, and distance teaching in particular, opens up a whole series of copyright dilemmas. Whether and to what extent it is possible to use protected content for educational purposes, especially in an online environment, is one of the key questions? If teaching takes place through certain content exchange platforms and applications, the question arises of the responsibility of the person who manages the platform for possible rights violations. In copyright there is a special form of limitation of the subjective right for the purpose of teaching, and in more recent sources of the law of the European Union a limitation is provided for the use of protected works and objects of protection in digital and cross-border teaching. The subject of the paper is the analysis of distance education and the limitations of subjective copyrights for the needs of education, both in domestic law and in the law of the European Union. Distance education in a digital environment creates new opportunities, but also challenges and risks. both for teachers and students. That is why it is important to have an appropriate legal framework that will specify the terms of use. In any case, when prescribing restrictions, particular care should be taken, because as the right of the individual to access knowledge and education must be taken into account, the interests of the author and the protection of his rights should not be neglected, which sometimes are especially threatened in the digital sphere.
**Keywords:** Distance Learning, Law, COVID-19 Pandemic

# ПРАВНИ АСПЕКТИ НА НАСТАВАТА НА ДАЛЕЧИНА ВО УСЛОВИ НА ПАНДЕМИЈАТА КОВИД-19

**Игор Камбовски**
Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев", Штип, Р. С. Македонија,
igor.kambovski@ugd.edu.mk
**Ивица Јосифовиќ**
Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев", Штип, Р. С. Македонија, ivica.josifovik@ugd.edu.mk

**Апстракт:** Пандемијата на вирусот КОВИД 19 и нејзините последици предизвикаа многу сериозни промени во секојдневното однесување на човекот, но и во сите сфери на општественото живеење и работење. Неизвесноста и стравот од непознатиот вирус доведоа до загриженост, принудна општествена или лична изолација, менување на животните и работните навики и принудно прилагодување на сите работни процеси кон новонастанатите услови. Благодарение на дигитализацијата и употребата на информационите технолигии во сферата на образованието, беше направен обид да се ублажат последиците од пандемијата и социјалното дистанцирање и беше воведен концептот на учење на далечина. Образованието (наставата) на далечина вклучува различни системи и методи за учење, од комуникација преку е-пошта, поставување наставни материјали на платформи за учење, до предавања кои целосно се одвиваат на интернет платформи.

Така, класичните облици на настава беа заменети со дигитални платформи и апликации, во сите степени, од основното до високото образование. Напредните технологии кои веќе беа користени во образовни цели, овојпат присилно беа ставени во функција и пандемијата покажа дека дигиталната настава не е само прашање на избор, туку понекогаш и прашање на неопходност и нужност. Сепак, секоја форма на образование и наставни активности мораат да бидат нормативно правно уредени, како во поглед на формата, така и во поглед на материјалот и наставните содржини. Меѓу другото, наставата воопшто, а особено наставата на далечина отвора цела низа дилеми за авторските права. Дали и до кој степен е можно да се користат заштитени содржини за наставни цели, особено во онлајн опкружување, е едно од клучните прашања? Доколку наставата се одвива преку одредени платформи и апликации за размена на содржини, се поставува прашањето за одговорноста на лицето кое раководи со платформата за евентуално прекршување на правата. Во авторското право постои посебен облик на ограничување на субјективното право заради наставата, а во понови извори на правото на Европската Унија е предвидено ограничување за користење на заштитени дела и објекти на заштита во дигиталната и прекуграничната настава. Предмет на трудот е анализа на наставата на далечина и ограничувањата на субјективните авторски права за потребите на наставата, како во домашното право, така и во правото на Европската унија. Наставата на далечина во дигитална средина создава нови можности, но и предизвици и ризици, како за наставниците така и за учениците. Затоа е важно да постои соодветна законска рамка која ќе ги прецизира условите за користење. Во секој случај, кога се пропишуваат ограничувања, треба да се биде особено внимателен, бидејќи како што мора да се земе предвид правото на поединецот за пристап до знаење и образование, не треба да се занемаруваат интересите на авторот и заштитата на неговите права, кои понекогаш се особено загрозени во дигиталното опкружување.
**Клучни зборови:** настава на далечина, право, КОВИД-19 пандемија

## 1. ВОВЕД

Дигитализацијата и развојот на технологијата неминовно носат промени во сите сфери на животот. Повеќето од овие промени се насочени кон тоа да ни го олеснат извршувањето на секојдневните активности, да комуницираме, да се информираме, да се забавуваме и сè повеќе да стекнуваме нови знаења. Различни неформални модели на образование веќе долго време се нудат во дигитална форма, во форма на онлајн програми и курсеви, особено во областа на изучување странски јазици и компјутерски вештини. Искористувајќи го интернетот, се повеќе образовни институции, покрај редовната настава, нудат и одредени форми на учење на далечина, па дури и мастер и докторски студии. Концептот на учење на далечина ја вклучува секоја форма на образование каде што постои физичка поделба на наставниците и учениците. Овој облик на образование е особено погоден за обука на вработени лица, како и на оние кои сакаат да следат програми кои можеби не им се достапни во нивната земја на живеење. Во вонредни околности, како што беше пандемијата КОВИД-19, учењето на далечина стана доминантна, ако не и единствена, форма на настава. Сепак, учењето на далечина, во онлајн средина, отвора низа правни прашања, дилеми и предизвици, особени во сферата на авторските права. Прво, неопходно е да се истакне дека со овој термин се опфатени различни видови на настава, од едноставна комуникација преку е-пошта и размена на содржини, до користење на различни платформи кои овозможуваат одржување на онлајн предавања и видео-конференции. Во зависност од избраниот модел на настава, зависи и од тоа дали објавената содржина ќе биде достапна само за ограничен број студенти или дали секое заинтересирано лице ќе има пристап. Сето ова може да претставува потенцијално прекршување на авторското право и сродните права. Наставникот кој ја објавува содржината мора да се грижи да ги почитува авторското право и сродните права. Најчесто кај ваквите предавања се објавуваат содржини создадени од наставникот, но исто така се користат и туѓи дела. Доколку се користи одредена онлајн платформа за размена на содржини, може да се постави и прашањето за одговорноста на таа платформа за евентуално прекршување на правата, но и прашањето за нејзините овластувања и можности во справувањето со објавената содржина. Во македонскиот закон за авторското право и сродните права постојат одредени облици на ограничувања на авторските и сродните права за целите на наставата, иако е прашање колку тие се применливи во онлајн опкружувањето (член 52, став 1, точка 4 и 7 од Законот за авторското право и сродните права). Во правото на Европската Унија, Директивата за авторско право и сродни права на единствениот дигитален пазар (преглед на 18.11.2022 г.) предвидува нови форми на ограничување на авторските и сродните права, меѓу другото, заради онлајн наставата, што неминовно ќе влијае на измените во законите кај нас и во нашиот регион, во фазата на хармонизација на правото.

**2. УЧЕЊЕ НА ДАЛЕЧИНА И ДИГИТАЛНОТО ОПКРУЖУВАЊЕ**

Образованието (наставата) на далечина вклучува различни системи и методи за учење, од комуникација преку е-пошта, поставување наставни материјали на платформи за учење, до предавања кои целосно се одвиваат на онлајн платформи, што неминовно се наметна како единствена опција во поголемиот дел од траењето на КОВИД-19 пандемијата. Постојат неколку форми на е-учење: од технолошки поддржана настава во училницата, преку настава на далечина, до дистрибутивна настава. Технолошки поддржаната настава во училницата вклучува интегрирање на дигитални и интернет технологии во класичниот модел на настава во училница, преку поставување материјали на интернет платформи или други затворени мрежи. Студентите можат да „симнуваат“ содржини или да посетуваат страници до кои професорите им испраќаат линкови. Тоа е секако најчестиот облик на електронска настава денес. Учењето на далечина, кое одамна е познато во Западна Европа и САД, денес незадрживо се шири, благодарение на новите можности што ги нудат дигиталните технологии и интернетот. Најефективната форма на учење, од педагошка гледна точка, е дистрибутивното учење кое го комбинира учењето во живо со електронските форми на учење (Usadel, 2016). Дигитализацијата неминовно влијае и на образовниот сектор. Европската комисија неодамна го објави Акцискиот план за дигитално образование за периодот 2021-2027 година (преглед на 20.11.2022 г.), во кој, меѓу другото, се наведени две стратешки цели. Првата е употребата на дигитални технологии, како што се софтвер, платформи, апликации, за подобрување на образованието, а учењето на далечина, онлајн наставата и секаков вид комбинирана настава се најдобри примери за таква практика. Друг аспект на дигиталното образование се однесува на потребата секој што користи дигитални технологии да биде обучен за нивна употреба, т.е. да биде дигитално писмен. Дигиталното образование е дел од една поширока агенда за дигиталната трансформација која ќе игра клучна улога во модернизацијата на економијата не само во Европската Унија, туку и во останатите земји и региони ширум светот. Претходниот Акциски план беше објавен во 2018 година, но пандемијата КОВИД-19 неочекувано ја покрена примената на дигиталните алатки во наставата и го отвори прашањето за нашата подготвеност да се прилагодиме на нови, различни услови на живот, работа и образование.

Во текот на изминатиот период, поточно од април 2019 година до крајот на 2020 година најголем дел од наставата во сите образовни институции, од најниските одделенија во основното образование до предавањата на универзитетите, се одржуваше „онлајн“. Доминантна форма на учење на далечина за задолжителното образование беа „живите онлајн предавања“, но и снимените предавања. Одредени високообразовни институции предвидоа можност наставата да се одвива преку снимени предавања што наставниците ги поставуваа на соодветни платформи. Занемарувајќи го фактот дека ваквата настава се одвива во вонредни околности поради пандемијата КОВИД-19, може да се постави прашањето каков е статусот на тие снимени материјали и какви права има наставникот или институцијата. Од една страна, интересот на наставникот е да има контрола врз содржината што ја создава, чиј автор е тој, а од друга страна, интересот на образовната институција е да има права врз таа содржина како работодавач и организатор на наставниот процес. Всушност, ова прашање би можело да се реши дури и на ниво на работни односи и регулативи, поточно, конфликт меѓу трудовото право и прописите за авторски права. Во нашиот закон за авторското право постои претпоставка дека сите имотни права на авторско дело создадено во работен однос се отстапуваат исклучиво на работодавачот за период од пет години, сметајќи од завршувањето на делото, освен ако нешто друго не е предвидено со договорот или друг акт. По истекот на овој рок, материјалните права му припаѓаат на работникот, со тоа што работодавачот може да побара нивно повторно исклучиво пренесување, доколку му плати на работникот надоместок за секој одделен вид материјално право. Според тоа, претпоставката е побивачка, а нормата е диспозитивна што значи дека прашањето за носителот на правата на дело создадено во работен однос секогаш може поинаку да се уреди со договор за вработување или акт на работодавачот. Можеби позначајно прашање е дали работодавачот може да го принуди наставникот да ги снима предавањата, т.е. да ги дигитализира, како и дали во тој случај воопшто ќе има потреба од ангажирање наставник. Меѓутоа, без разлика на хонорарот, тука се присутни и морални интереси, како што се заштитата на приватноста и прашањето за личниот интегритет на наставникот кој можеби има потреба или интерес неговото предавање повеќе да не се користи во наставата, особено ако е застарено и не го следи развојот на професијата, струката и науката.

Друга можност е објавување и користење на туѓ материјал, односно содржина врз која други лица имаат авторски права. Во тој случај, важно е дали и под кои услови корисникот може да користи туѓи содржини, дали има контрола врз содржината што ја става на интернет и какви права има посредникот, односно операторот на платформата на која содржината е објавена. Всушност, прашање е дали платформата сноси одговорност доколку се објавува содржина која ги прекршува авторските права. Операторите на платформата генерално предвидуваат строги услови за прикачување на содржини, така што повеќето

наставници ги гледаат авторските права како пречка за дигиталната настава, бидејќи постојано се соочуваат со опасност содржината што ја поставуваат да биде отстранета поради прекршување на авторските права. Во некои случаи, содржината може да се користи со повикување или предупредување за ограничувањата на авторските права, а тоа станува невозможно доколку постои автоматизиран механизам кој ја проверува содржината (Pascault et al. 2020). Од друга страна, операторите генерално внимаваат на условите под кои нивната одговорност за прекршување на авторските права може да се исклучи.
Наставата на далечина во дигитална средина создава нови можности, но и предизвици и ризици, како за наставниците така и за учениците. Затоа е важно да постои соодветна законска рамка која ќе ги прецизира условите за користење.

## 3. АВТОРСКОТО ПРАВО ВО НАСТАВНИ ЦЕЛИ СПОРЕД ПРАВОТО НА ЕУ

Одредени извори на правото на Европската унија предвидуваат ограничување на авторското право и сродните права за целите на наставата. Директивата 2001/29/ЕЗ за усогласување на одредени аспекти на авторското право и сродните права во информатичкото општество (преглед на 15.11.2022 г.) предвидува факултативно ограничување за целите на наставата и истражувањето. Имено, во чл. 5, став 3 (а), пропишано е дека земјите-членки можат да предвидат исклучоци или ограничувања на правата, конкретно на овластувања за репродукција и овластувања за соопштување на делата на јавноста, во случај на користење што е единствено наменето да послужи како пример во наставата или научното истражување, доколку е наведен изворот, вклучувајќи го и името на авторот, освен во случаи кога тоа е невозможно, а во оној обем кој е неопходен за користење во некомерцијални цели. Исто така, чл. 5, став 3 (д) предвидува буквално цитирање за цели како критика или рецензија, со услов тие да се однесуваат на дело или друг предмет на заштита што веќе е законски ставен на располагање на јавноста, да е наведен изворот, освен ако тоа не е можно, и дека нивната употреба е во согласност со правичната и чесна практика и до степен оправдан со целта што треба да се постигне. Оваа директива го предвидува ограничувањето на целта на наставата како факултативно, што доведе до фактот дека не сите земји го предвиделе тоа во нивните закони. Дополнително, се предвидува единствено ограничување за наставата и истражувањето. Директивата за авторското право и сродните права на единствениот дигитален пазар (преглед на 22.11.2022 г.) изречно предвидува посебно ограничување за целите на дигиталната настава, кое е задолжително. Во делот кој предвидува ограничувања и исклучоци во дигиталната и прекуграничната средина, посебни ограничувања се предвидени за целите на научно истражување, кое е првенствено поврзано со техниката на пребарувањето на текст и податоци, како и користаење на дела и други објекти на заштита во дигиталната и прекугранична настава. Членот 5 од Директивата за авторските права на единствениот дигитален пазар предвидува дека земјите-членки се обврзани да обезбедат исклучок или ограничување на правата со цел да дозволат дигитална употреба на дела и други објекти на заштита исклучиво со цел да се даваат примери во наставата, до степен до кој може да се оправда некомерцијална цел што се постигнува, под услов таквата употреба да се одвива во раммки на надлежноста на образовната институција, во нејзините простории или други објекти или преку безбедна електронска средина до која може да пристапат само ученици или студенти и наставниот кадар на таа образовна институција, и дека е придружено со наведување на изворот, вклучувајќи го и името на авторот, освен ако тоа не се покаже како невозможно.
Ограничувањето предвидено за дигитално и прекугранично образование е детално регулирано, но одредени термини секако може да подлежат на различни толкувања. Прво, користењето на делото е наменето за дигитална употреба исклучиво заради илустрација, поточно давање примери во текот на наставата. Ова значи дека заштитените дела би можеле да се користат во врска со ова ограничување како дел од активностите за настава и учење што се одвиваат во рамки на надлежноста на образовните институции, без разлика дали се работи за настава или испити (Rosati, 2018). Користењето мора да биде под контрола на образовната институција, а бидејќи се работи за дигитална употреба, тогаш не може да се ограничи само на просториите, туку подразбира и различни мрежи или соодветни платформи под контрола на институцијата. Затоа, покрај користењето на работата во училница или преку разни технички средства и уреди поврзани на интернет, се предвидува и користење преку безбедна, заштитена и затворена електронска средина, до која може да пристапи само ограничена група на лица, наставен кадар и студенти, односно ученици. Може да се постави прашањето како да се дефинира безбедна електронска средина и дали нешто на интернет денес е ослободено или безбедно од можни напади. Веројатно се мисли на платформата од затворен тип и пристап Moodle (види: https://moodle2.ugd.edu.mk/user/edit.php, преглед на 22.11.2022 г.), иако во текот на пандемијата КОВИД-19 бевме сведоци на користење на различни платформи за настава, како Google Classroom, Microsoft Teams и Zoom, кои во суштина не се под контрола на образовната институција и за кои може да се постави прашањето дали воопшто претставуваат безбедна средина.

Уште една одредба која може да ја загрози хармонизацијата и правната сигурност се однесува на можноста земјите-членки на ЕУ да обезбедат правичен надоместок на носителите на правата за користењето на нивните дела и други објекти на заштита во дигиталната и прекуграничната настава. Оваа форма на компензација веќе постои за некои форми на ограничувања на авторските права и сродните права, како што е случајот со репродукцијата на дела за приватна употреба. Во некои земји, како што е Франција, веќе се плаќа соодветна такса за користење на дела заштитени со авторски права за наставни цели (Congleton & Young, 2017). Сепак, треба да се земе предвид фактот дека постојат образовни институции со ограничени ресурси на располагање, како и фактот дека станува збор за некомерцијална употреба во наставни цели. Пред усвојувањето на Директивата, имало предлози да се предвиди задолжителен надоместок кој ќе биде доволно флексибилен за да ги земе предвид сите разлики меѓу институциите, како што се големината, изворите на финансирање, вкупните приходи, локацијата и соодветно да се обезбедат различни износи на хонорари и надоместоци (Geiger et al., 2017). Секако, воведувањето на надоместоци не е задолжително, но доколку тоа се предвиди, ограничувањето за наставата практично би се претворило од форма на бесплатно користење во користење на авторските дела во рамки на законска лиценца.

## 4. ЗАКЛУЧОК

Ограничувањето на авторското право и сродните права во форма на слободно користење за целите на наставата не е резултат на новото време, но современите форми на настава овозможени со развојот на дигиталната технологија, а особено во услови на КОВИД-19 пандемијата, поставија нови предизвици. Секое ограничување на субјективните авторски права има за цел да воспостави правична рамнотежа помеѓу интересите на носителите на правата и интересите на другите членови на заедницата и јавниот општествен интерес. Користењето туѓо дело или друг предмет на заштита е можно само во случаи предвидени со закон, под услов да е во согласност со нормалното користење на делото и да не им наштетува на легитимните интереси на носителот на правото. Со оглед на тоа што образованието на далечина, особено дигиталните облици на образование земаат се поголем замав, потребно е динамично усогласување на нормативното и реалното, односно хармонизирање со изворите на правото на Европската унија, особено со Директивата за авторски и сродни права на единствениот дигитален пазар, која предвидува посебно ограничување на авторските права заради дигитална и прекугранична настава. Предвидено е слободно користење на дела заштитени со авторски права и предмети со соодветна правна заштита заради давање примери во наставата. Условите за користење мора да бидат јасно специфицирани и концизни, на таков начин што ќе остават што е можно помалку простор за различни толкувања. Дигиталната употреба на делото може да биде дозволена само за некомерцијални цели, тоа мора да биде под надлежност и контрола на образовната институција, а само ограничен круг на лица може да имаат пристап до заштитената содржина. На крајот, секое ограничување е исклучок од општото правило, и како што е познато, исклучоците секогаш тесно се толкуваат. Имајќи ја предвид состојбата со образованието и статусот на образовните институции во нашата земја, како и во регионот, сметам дека нема реална можност да се воведе посебен надоместок што би се плаќал за користење на делата во дигиталната настава. Во секој случај, кога се пропишуваат ограничувања, треба да се биде особено внимателен, бидејќи како што мора да се земат предвид интересите на авторот и заштитата на неговите права, кои понекогаш се особено загрозени во дигиталната сфера, не треба да се занемарува ниту правото на поединецот за пристап до знаење и образование. Сепак, треба да овозможиме соодветно искористување на авторските дела во дигиталната настава, за авторските права да не станат пречка за образованието, но и да се надеваме дека наставата нема да биде целосно дигитализирана и автоматизирана, по примерот на наставата во услови на пандемијата КОВИД -19, бидејќи не треба да заборавиме дека педагошкиот и, пред сè, непосредниот човечки пристап на оној што го пренесува знаењето понекогаш вреди повеќе од самото знаење.

## БИБЛИОГРАФИЈА

Congleton, R., & Yang, S. (2017). „A Comparative Study of Education Exemptions to Copyright in the United States and Europe“, Athens Journal of Law, Vol 3, 1

Geiger, C., Frosio, G., & Bulayenko, O. (2002). „Opinion of the CEIPI on the European Commission's Proposal to Reform Copyright Limitations and Exceptions in the European Union“, Centre for International Intellectual Property Studies Research Paper No. 2017-09, http://infojustice. org/wp-content/uploads/2017/10/Opinion-of-the-CEIPI-on-the-European- Commissions-Proposal-to-Reform-Copyright-Limitations-and-Exceptions-in-the-European-Union.pdf, Council Framework Decision

Pascault, L., Jütte, B. J., La Diega, G. N., & Priora, G. (2019). „Copyright and Remote Teaching in the Time of Coronavirus: A Study of Contractual Terms and Conditions of Selected Online Services“, European

Intellectual Property Review, (Forthcoming), 2020, https://ssrn.com/ abstract=3652183Judgment of the European Court of Human Rights Romeo Castano v. Belgium. Application No. 8351/17. https://hudoc.echr.coe.int/fre?i=001-194618

Rosati, E. (2018). "Contractual override and the new exceptions in the Copyright in the Digital Single Market Proposal, - The IPKat (ipkitten.blogspot.com),

Usadel, P. M. (2018). Copyright law and the access to education and knowledge in the digital age: matching limitations and exceptions in Portugal, Brazil and Mozambique, Maastricth University, 2016, https:// cris.maastrichtuniversity.nl/ws/portalfiles/portal/11960831/c5538.pdfJudgment of the Court of Justice of the European Union ML. Request for a preliminary ruling from the Hanseatisches Oberlandesgericht in Bremen. Case C-220/18. ECLI:EU:C:2018:589.

https://eur-lex.europa.eu/eli/dir/2019/790/oj, преглед на 18.11.2022 година

https://education.ec.europa.eu/focus-topics/digital-education/action-plan, преглед на 20.11.2022 г.

Закон за авторското право и сродните права („Службен весник на Република Македонија" бр. 115/2010; 140/2010; 51/2011; 147/2013; 154/2015 и 27/2016)

https://eur-lex.europa.eu/legal-content/EN/TXT/?uri=CELEX%3A02001L0029-20190606, преглед на 15.11.2022 г.

https://eur-lex.europa.eu/legal-content/EN/TXT/PDF/?uri=CELEX:32019L0790, преглед на 22.11.2022 г.

https://moodle2.ugd.edu.mk/user/edit.php, преглед на 22.11.2022 г.